**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

# Н А С О К И

**за програмирање, организирање и реализирање на слободните часови на училиштето**

**Скопје, декември 2005 година**

**Цел на слободните часови на училиштето**

Слободните часови на училиштето се дефинирани како посебно подрачје во наставните планови за четиригодишното стручно образование. Тие се една од формите на воспитно-образовната дејност која има за цел да ги задоволи индивидуалните потреби на дел од учениците кои доброволно се определуваат за нив во средните стручни училишта за стекнување, проширување и продлабочување на своите знаења, развивање на способности, вештини и изградување на сопствени ставови за подготовка на младите како активни граѓани во нашето демократско општество.
Подрачјето *Слободни часови на училиштето* е застапено **во прва, втора и трета година - ДО 72 часа и четврта година -ДО 66 часа.** Тоа упатува на можноста истите да се програмираат и со помал број на часови (најмалку 18).

**Функцијата на слободните часови на училиштето**

Со доброволното вклучување (избирање) во слободните часови на училиштето се обезбедува полесно и побрзо напредување на учениците во одредени програмски подрачја и наставни предмети, области, теми, содржини, како и воведување и усовршување во определени истражувачки техники, методи и подготвување на проекти во функција на:

- задоволување на индивидуалните потреби и интереси за продлабочување, стекнување и проширување на знаењата, вештините и способностите;
- поуспешна подготовка на завршниот испит и матурската задача;
- професионална ориентација и кариерен развој;
- запознавање и усовршување на определени истражувачки техники и методи;
- воспоставување на соработка со локалната заедница и социјалните партнери.

**Програмирање и реализирање на слободните часови**

Програмирањето и реализирањето на слободните часови на училиштето е обврска за секое училиште доколку има заинтересирани ученици. Во училиштето се формираат групи од ученици и се изготвува програма за работа според утврдени критериуми.
По предлог на наставничкиот совет, училиштето бара стручно мислење од Бирото за развој на образованието за потребата и можностите од прифаќање и реализација на програмата.
Во рамките на слободните часови на училиштето можат да се реализираат проектните активности од подрачјата: *Мир, толеранција и заштита; Урбана култура; Култура на здраво живеење; Природни науки; Претприемништво и бизнис*, за кои Министерството за образование и наука донесе посебно решение (решението бр. 2835/1 од 20 07. 2005 година).
Бирото за развој на образованието има изготвено посебни програми за проектни активности од наведените подрачја.

**Одобрување за организирање на слободните часови**

Врз основа на предлог-програмата за слободните часови на училиштето, Бирото за развој на образованието дава стручно мислење за потребата од нејзина реализација. Финансиските средства потребни за остварување на програмата за слободните часови на училиштето ги одобрува Министерството за образование и наука.

**Организација и реализација на слободните часови на училиштето**

Групата за реализирање на програмите за слободните часови на училиштето е минимум 25 ученици.
Слободните часови може да се реализираат во училиштето или надвор од него, зависно од содржината и спецификите на програмата.
Слободните часови на училиштето се организираат и реализираат надвор од неделниот распоред на часовите, во време и место за кои се договараат наставникот и учениците. Улогата на наставникот во начинот на реализацијата на овие активности е менторска.

**Евиденција и документација на содржините и активностите на учениците на слободните часови**

Евиденција за реализацијата на активностите на слободните часови водат и наставникот и ученикот.
Наставникот евиденцијата ја води во дневникот на паралелката, главната книга и свидетелството.
Ученикот своите активности за реализација на програмата за слободни часови на училиштето ги бележи во своето портфолио.
Доколку ученикот во текот на наставната година успешно ги реализирал планираните активности на слободните часови, тоа се пишува во свидетелството, во главната книга и во дневникот на паралелката:

***Слободни часови:***
***Реализирал активности од областа*____________________.**

**Наставен кадар**
За реализација на проектните активности во рамките на слободните часови важи Нормативот на наставен кадар според решението од 20.07.2005, бр.2835/1, на Министерството за образование и наука.
За реализација на другите програми во рамикте на слободните часови важи Нормативот за наставен кадар од предметното подрачје од кое се реализира програмата.

**Прилог:** *Содржина на програмата за реализација на слободните часови на училиштето.*

**С О Д Р Ж И Н А**
**на програмата за реализација на слободните часови на училиштето**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

1.1. Струка во која се реализира програмата: ______________________________

1.2. Образовен профил во кој се реализира програмата: ____________________

1.3. Година во која се реализира програмата (I, II, III, IV): ___________________

1.4. Назив на програмата: ______________________________________________

1.5. Област (подрачје): ________________________________________________

1.6. Број на часови: ______________________

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

## 3. ТЕМИ И АКТИВНОСТИ

## 4. ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА

## 5. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

## 6. УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СЛОБОДНИТЕ ЧАСОВИ НА УЧИЛИШТЕТО

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА ПРОГРАМАТА

7.1. Датум на изработка:

7.2. Состав на работната група:

1.
2.
3.

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА ПРОГРАМАТА

8.1. Датум на започнување: